графски труд презентира своевидна историја за создавањето на македонската држава. Трудот претставува голем придонес за историјата на општествено-политичката и правната мисла, за историографијата. Во својот монографски труд авторот покажува дека суверено владее со материјата и со тоа претставил едно научно вредносно дело.

Х. А. — ПОЛЈАНСКИ

**„МАКЕДОНСКАТА ЛИГА И УСТАВОТ ЗА ДРЖАВНО УРЕДУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА ОД 1880 ГОДИНА"**, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања на Универзитетот „Кирил и Методиј" и „Мисла", Скопје, 1985 год.

Научните откривања што ги направи македонската историографија во последниве години придонесоа за доизјаснување и за нова поставеност на низа појави од поновиот развој на нашето минато. Тоа се особено познанијата за развојот на националноослободителното движење до шеесеттите, седумдесеттите, осумдесеттите и деведесеттите години на XIX век. Тоа е клучен период во развитокот на нашата понова историја, што му претходи, како важна фундаментална компонента на националноослободителното движење од предилинденското време.

За научното прочување на оваа епоха особено се стојносни откривањата на документацијата за „Привремената влада на Македонија" од 1880/1881 година и „Правилата—Уставот на Македонскиот востанички комитет во Кресненското востание" од 1878 година. Со откривањето на оваа документација и со нејзиниот научен третман се утврди дека Привремената влада на Македонија претставува самобитно македонско движење, чија појава е стриктно поврзана со самостојниот национален и социјален развиток на македонскиот народ. Изворното откривање на ова значајно обединување за самобитноста на Македонија, на македонскиот народ и на народностите, претпоставува надоврзување на идејната платформа на Македонското (Кресненско) востание од 1878/1879 година. Токму тоа најаргументирано се потврдува со откривањето на „Правилата—Уставот на македонскиот востанички комитет", кој претставува значаен и оригинален документ. Во него многу јасно и вредносно се разјаснува развиената национално-социјална мисла и достоинствената свест на македонскиот народ за создавање своја сопствена македонска држава. Затоа, овој значаен документ претставува и автентична повелба на слободата, која стојносно расветлува една значајна етапа од нашето националноослободително движење.

Во научниот третман на овие значајни појави од националноослободителното движење се навестуваат и познанија за постоењето на едно друго револуционерно

обединување, кое дејствува под името Македонска лига. За ова движење во историографијата се знае сосема фрагментарно. Дури сега, со презентирањето на овој труд, се открива нова оригинална документација, која со веќе објавената за „Привремената влада“ и за „Правилата—Уставот“, надополнува голема празнина во научната разработка на поновата македонска **историја.**

Во трудот за прв пат се објавуваат документите од Македонската лига основана во 1880 година. Тие се систематизирани во четири тематски групи: уставотворни акти на Македонската лига; меморандуми од големите европски сили и други акти на Македонската лига; потоа, османскиот Органски устав и забелешките кон него од македонскиот народ и документи за обединување на македонските востанички сили. Од оваа оригинална документација, по своето државотворно значење, се издвојува Уставот за државното устројство на Македонија. Уште во преамбулата и во првите воведни членови се инсистира на создавање држава на македонскиот народ и на другите народности во Македонија што живеат во нејзините граници. Тоа е слободна и рамноправна повеќенационална држава и заедница. На државно-политички план, поставен е принципот на пропорционалната застапеност на националните групи во законодавната, извршната, управната, судската и полициската власт.

Уставот од 103 члена ги регулира и ги детализира сите односи што биле карактеристични за една модерна буржоаска држава. Токму во таа поставеност произлегува големото познавање на носителите на ова движење на класичната европска буржоаска правна мисла. Но, освен тоа, импонираат и значајните поставки за дистинцирање на Македонија како посебна државна етничка особеност во однос на постојните балкански буржоаски држави, и што е уште позначајно, а таа појава ја имаме и денес, не се тргнува од етноцентричниот принцип на тогашните балкански држави, кои признаваат една нација — една држава, туку создавање на слободна и рамноправна повеќенационална посебна држава и заедница на Балканот. Од тоа произлегува длабоката народно-демократска и револуционерна ориентација на носителите на ова движење.

Во согласност со Уставот за државното уредување на Македонија, Македонската лига формирала и Воен штаб и за таа цел подготвила Воена инструкција за устројството на македонската војска во автономната држава Македонија, која се состои од два дела: регулирање на устројството на Македонската војска по ослободувањето и создавањето на автономната држава и Привремена воена инструкција за дејствување на македонската војска. Првата инструкција од 161 член предвидува организирање војска по воспоставувањето на автономната држава, а втората од 103 члена, предвидува создавање војска за водење вооружени борби во случај ако османската власт не ги прифати барањата за создавање на автономна држава Македонија. Со втората инструкција, за разлика од првата, а и од Уставот се прецизира програмата макси-

мум во националноослободителното движење, и тоа како што е наведено во нејзиниот прв член; „Македонската лига за ослободување, која за своја девиза има ,Слобода за Македонија или смрт' е највисокото военополитичко тело на борбата на македонскиот народ до неговото полно ослободување и создавање Македонска држава" (член 1). Со тоа создавањето македонска војска е нагласено како примарен фактор во борбата за национално и социјално ослободување и за таа цел, од наполно воен аспект, детализирано е претставено регулирањето на воената сила на новата држава. Како и Уставот, и во овие инструкции се гледа сериозноста и одговорноста на носителите на Македонската лига во оформувањето на националноослободителното движење.

Меѓу значајните акти на Македонската лига спаѓаат и мемоарите што таа ги испраќала до дипломатските претставништва на европските сили, потоа Манифестот на Главниот штаб на македонската војска и другите акти. Тука е внесен и Органскиот устав од 1880 година и забелешките кон тој Устав упатени до Европската комисија за реформи од страна на претставниците на македонскиот народ, со што се покажува настојувањето да се претстави пред овој форум и пред пошироката европска јавност, постојаноста на борбата на македонскиот народ за самостојност. Кон оваа документација се вклучени и документи за обединувањето на македонските востанички сили од 1880 и 1881 година, за да се докаже и разностраноста во движечките сили за ослободување на земјата.

Во оваа публикација, за Македонската лига е презентиран на 230 страници студиозен текст од страна на авторите на трудот и тоа: за борбата на македонскиот народ за државност и Македонската лига од 1880 година од Славко Димевски, потоа, за социјално-политичкиот профил на македонското ослободително движење, непосредно, пред и за време на Македонската лига од Владо Поповски, за Уставот на идното државно уредување на Македонија од Светомир Шкариќ и за инструкциите на Воениот штаб на Македонската лига од Михаило Апостолски. Тоа се значајни студиозни зафати за историјата на Македонската лига во сите позначајни аспекти од историската поставеност на Лигата, нејзиниот социјално-политички профил, правната и политичката анализа на нејзиниот Устав и воените аспекти во организираноста на ова движење. Третманот во анализата на оваа значајна појава во нашето националноослободително движење од предилинденскиот период е разностран и длабоко содржаен. Поспецијално, во опфатот на општествените сили, е направен обид да се даде марксистичко вреднување и определба за местото на ова движење во македонската историја. Интересни се и компаративните приоди кон различните политички обединувања и нивните носители во време на кресненската и посткресненската епоха. Затоа, авторите на студиите приложени кон оваа публикација заслужуваат признание за пионерскиот зафат што го направиле во научната обработка на овој значаен проблем од нашата понова историја.

Оттука, сакаме да подвлечеме дека обновувањето на вакви студиозни прилози, а посебно објавувањето на ваква оригинална документација од нашето минато треба да се почитува највнимателно, и сесрдно и сестрано да се поддржува. Со неа се покажува и автентично се афирмира нашиот вековен и постојано континуиран самобитен пат во историјата, нашата вековита борба за место под сонцето, за опстанок во семејството на слободните народи. Тоа претставува уште еден прилог повеќе за покритички и попродлабочен приод во разобличувањето на сите херостратски посегнувања од современите неоврховистички, неофанариотски и истородни квазинаучни интерпретации.

**Х. А. — ПОЛЈАНСКИ**

## Христо АНДОНОВ-ПОЛЈАНСКИ, **ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ**, Истарска наклада, Пула 1985, 239

По повод осумдесетгодишнината од загинувањето на Гоце Делчев (1903—1983), книгоиздателството „Истарска наклада“ од Пула издаде јубилејно издание посветено на апостолот и идеологот на македонското револуционерно движење Гоце Делчев од д-р Христо Андонов — Полјански, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје.

Христо Андонов — Полјански е нашиот најдобар познавач на Гоцевото грандиозно дело, кој досега објавил повеќе книги и статии посветени на оваа видна и маркантна фигура во поновата историја на Македонија. Во ова негово најново навраќање кон личноста и делото на овој великан, авторот дава синтетизиран оглед, со вредносна тежест и илустративен показ, за животот и дејноста на оваа стамена личност од крајот на XIX и почетокот на XX век. Сето тоа тој го прави мошне умешно, поврзувајќи го Гоцевиот животен пат со спектарот на бурните настани, што ја возбудувале и потресувале тогашна Македонија.

И не случајно ползувајќи ја оваа пригода во мошне кусиот предговор кон ова издание, авторот меѓу другото, ќе забележи: „Појдувајќи од овој величествен Гоцев ден, кога го изразуваме нашиот длабок пиетет, должната и признателна почит кон овој голем син на македонскиот народ, сакаме уште поавтентично да го откриеме и да го определиме неговиот светол лик, во перспективите на времето да го означиме сето она што го карактеризираше него како вистински народен предводник, како истакнат трибун на македонската самостојност и самобитност, чиј што животен пат и позив беше животворно вткаен во пространата историја на македонското ослободително дело“.

Во воведот авторот дава аналитички и критички осврт на Гоцевото дело и личност, целосно посветени на македонската националноослободителна борба,